# ЗАПИСНИК

Од втората седница на Факултетското студентско собрание на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 11.1.2024 г. (четврток) во 17:30 на онлајн платформата ZOOM. Претседателот утврди дека на седницата се:

Присутни: Данило Крстовски (претседател), Петар Китанчев, Анастасија Саша Тофоска, Сара Мишева, Калина Георгиева, Лина Рангелова, Ивона Тодорова, Бојана Бурческа, Лука Стојановски, Филип Петровски, Марија Самарџиска, Тамара Кунцулова, Бојан Палитов, Емилија Протугерова, Филип Стојановски, Тијана Тесалоника Шишкоска, Кире Јованов, Магдалена Николовска, Катерина Антовска, Бојан Палитов, Димитрија Настески и Анастасија Кипариз Крстеска.
Отсутни: Тамара Кунцулова, Емилија Протугерова, Филип Стојановски и Стефан Андоновски

## ДНЕВЕН РЕД

1. Утврдување на записник од конститутивната седница на ФСС;
2. Избор на претставници во Наставно-научен совет;
3. Измена на Статут на ФСС од организационен аспект;
4. Студентско списание „Спиритус мовенс“;
5. Комисии
6. Активности и
7. Разно.

**ТОЧКА 1. Утврдување на записник од конститутивната седница на ФСС**
За оваа точка немаше дискусија и беше едногласно изгласана.
**ТОЧКА 2. Избор на претставници на Факултетското студентско собрание во Наставно-научен совет**

По претходен предлог на претседателот, за претставници на Факултетското студентско собрание во Наставно-научен совет на Правен факултет предложени се:
Данило Крстовски, Катерина Антовска, Кире Јованов, Марија Самарџиска, Бојана Бурческа и Анастасија Саша Тофоска. Истите се едногласно изгласани.
**ТОЧКА 3. Измена на статут на ФСС од организационен аспект**

Претседателот го образложи предлогот за оваа статутарна измена односно побара дополнување на раководството на ФСС преку воведување на заменик-претседател и Секретар.
Анастасија Саша Тофоска праша што би биле ингеренциите на предложените функции заменик-претседател и Секретар.
Претседателот го даде објаснувањето во насока на воведување на овие две функции дека оваа одлука е правно издржана преку одлуката за промена на статутот на УСС кадешто се воведени заменик-претседател и секретар, а истите би послужиле за своевидна децентрализација и олеснување од работниот товар којшто го носи претседателот.
Петар Китанчев праша до каде се останатите Факултетски студентски собранија со имплементацијата на оваа промена, притоа претседателот истакна дека ФСС при Правен Факултет би било меѓу првите што би ја направило оваа измена.
Катерина Антовска додаде дека воведувањето на овие функции е добредојдено заради полесно функционирање на ФСС сметајќи дека ќе ја направи работата на ФСС поефикасна и поефективна.
Петар Китанчев зема збор и исто така се согласи дека би било добра одлука доколку ФСС на Правен факултет е меѓу првите којшто ќе ги додаде овие две функции.
Одлуката беше усвоена едногласно

**ТОЧКА 4. Студентско списание „Спиритус мовенс“;**

Претседателот даде објаснување за замислата за најавеното студентско списание и даде можност на претставниците на ФСС да додадат и свој придонес и дополнување на правилникот за функционирање.
Анастасија Саша Тофоска праша дали колумните ќе се објавуваат во одредено време или како што ќе стигнат. Данило одговори дека според правилникот, уредувачкиот одбор има рок од 3 дена да одговори и да прејде кон објавуање на колумните од студентите.
Бојана Бурчевска праша, кој се има право да пишува колумни, како би одел тој процес.
Данило, секој студент има право да напише колумна а уредувачкиот одбор го проверува техничкиот дел и автентичноста на колумните и присапува кон нивно објавување.
Димитрија Настески истакна дека постои опасност од злоупотреба на трудовите на списанието и користење на колумните како извори за трудови на други студенти и појава на плагијати. Данило, објасни дека постои разлика помеѓу Меѓународното списание на Правен факултет кадешто ќе се објавуваат научни трудови и колумните коишто би се објавувале во студентското списание.
Димитрија Настески даде пример за светски библиотеки на научни трудови коишто функционираат на определен начин и дека можеби треба да се погледне и имплементира нешто слично. Данило, повторно ја истакна разликата. Марија Самарџиска додаде дека добила прашање од студенти за тоа дали би можеле да се обавуваат колумни на студенти коишто веќе биле објавени на друго место. Катерина Антовска понуди решение на тоа со акредитација на местото кадешто трудот бил објавен во својата оригинална форма.

Петар Китанчев се согласи со предлогот на Катерина, и додаде дека е потребно и воведување на некоја тема со којашто би се опфатил и животот на студентите надвор од факултетските кампуси, како што е студентскиот стандард.
Филип Петровски истакна дека треба да се внимава на самата содржина на колумните и да се избегнат плагијати.
Претседателот ги сублимираше предлозите преку тоа што доколку се објавувани на друго место, да се акредитира местото кадешто прв пат е објавена колумната и исто така како тема да се додаде во Правилникот „и студентски културен живот“. И додаде дека можеби треба да се размисли за промена на називот „списание” во нешто друго. Членовите утврдија дека може да се почека со промената на името и прво да се види како ќе тече имплементацијата и објавувањето на првите трудови.
Оваа точка беше едногласно донесена
**ТОЧКА 5. Комисии**
Објаснет беше начинот на функционирање на комисиите при ФСС и истакната беше иницијалната замисла дека еден член може да учествува во најмалку 2 а најмногу 4 комисии.
Кире Јованов додаде дека за да се обезбеди добро функционирање на комисиите треба секој што сака да даде придонес да го даде преку учество во само една комисија.
Магдалена Николовска кажа дека може да се размислува и во таа насока и да се дозволи учество во најмногу две комисии.
Петар Китанчев се согласи, но истакна дека тоа треба да е непишано правило и дека треба да се остави простор секој што сака да даде придонес дури и во четири комисии.
Претседателот отвори можност членовите на ФСС да се пријават за комисии и притоа се формираа следните комисии:
Комисија за комуникации: Магдалена Николовска и Тијана Тесалоника Шишковска (заедно со претседателот);
Комисија за спорт: Нема;
Комисија за нормативна дејност: Лина Рангелова (заедно со претседателот и заменик-студентскиот правобранител);
Комисија за култура: Калина Георгиева, Петар Китанчев, Сара Мишева, Марија Самарџиска и Бојан Палитов;
Комисија за екологија: Петар Китанчев, Марија Самарџиска и Филип Петровски;
Комисија за финансии: Ивона Тодорова (заедно со претседателот и организацискиот одбор на Охридски конгрес на правото);
Комисија за наука: Петар Китанчев, Анастасија Кипариз Крстеска, Катерина Антовска, Бојан Палитов, Сара Мишева и Калина Георгиева.
**ТОЧКА 6. Активности**
Во насока на оваа точка, претседателот кажа дека се предвидени повеќе активности меѓу кои, предавање на Александар Јордев и продеканот Бобан Мисовски, предавање за тоа како се пишуваат научни трудови како и Дебатно вмрежување на претставниците на студентите од општествениот кампус.
**ТОЧКА 7. Разно**

Под точка разно, Петар Китанчев предложи снимање на седниците односно креирање на аудио и/или видео материјал од седниците.
Бојана Бурчевска истакна дека мора да се внимава да не се дојде до непродуктивна дискусија додека траат седниците на ФСС.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори седницата во 18:40.

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Данило Крстовски

_________________________